**ЗАПИСНИК**
**од педесет и четвртата (вонредна) седница на Совет на Општина Гевгелија одржана на 13.11.2020 година**

На педесет и четвртата (вонредна) седница на Советот на општината која се одржа со почеток во 13 часот присуствуваа 17 члена на Советот од вкупно 19 члена колку што брои Советот.

**Тодор Ристов Претседател на Совет** согласно член 32 од Статутот ја стави на гласање оправданоста на вонредната седница и **Советот едногласно ја усвои вонредноста за оддржување .**

**Покрај членовите на Советот на седницата беа поканети и присуствуваа:Сашо Поцков Градоначалник на општината .**

Откако констатираа дека постои кворум за полноважно одлучување,Претседателот на Совет, Тодор Ристов ја отвори педесет и четвртата (вонредна) седница на Совет на Општина Гевгелија.

За работа на педесет и четвртата (вонредна) седница на Совет ,е предложен следниот

**ДНЕВЕН РЕД:**

1. Предлог-Одлука за дополнување на Деловникот на Советот на Општина Гевгелија.
2. Предлог-Решение за именување на членови во Заедничката комисија за подготовка на актите за воспоставување МОС

Претседателот го стави Дневниот ред на гласање и **Советот едногласно го усвои** и се премина кон расправа по точките.

**Точка 1. Предлог-Одлука за дополнување на Деловникот на Советот на Општина Гевгелија**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Одлуката за дополнување на Деловникот на Советот на Општина Гевгелија

Бидејќи никој не се јави за збор претседателот на Советот ја стави на гласање Предлог-Одлуката за дополнување на Деловникот на Советот на Општина Гевгелија и **Советот едногласно ја усвои .**

**Точка 2. Предлог-Решение за именување на членови во Заедничката комисија за подготовка на актите за воспоставување МОС**

Претседателот отвори претрес по Предлог-Решението за именување на членови во Заедничката комисија за подготовка на актите за воспоставување МОС.

Во претресот по оваа точка учествуваа: **Александра Кочева и Ристо Камов членови на Совет .**

По завршувањето на претресот претседателот на Советот го стави на гласање Предлог-Решението за именување на членови во Заедничката комисија за подготовка на актите за воспоставување МОС и **Советот со 11 гласа за и 5 не гласале го усвои и за членови се именувани Митко Дојчинов и Јани Итов.**

Бидејки дневниот ред беше исцрпен Претседателот на Совет ја затвори педесет и четвртата (вонредна) седница на Советот на Општина Гевгелија.

**Записничар,**
**Благој Картов**

**Претседател**
**на Совет на Општина Гевгелија**
**Тодор Ристов**
**с.р.**